Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски број: M-2733/1
Дата: 22. 05. 2017

ДО: Југохром Алзар ДООЕЛ
1215 Јегуновце
Република Македонија

ПРЕДМЕТ: Достава на Решение за одбивање да се издадае А – Интегрирана еколошка доизвола за Југохром Алзар ДООЕЛ ( претходно Југохром Фероалојс ДООЕЛ Јегуновце.

Почитувани,

Врз основа на член 119 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05 и 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012 ,93/2013, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Министерството за животна средина и просторно планирање издаде: Решение за одбивање да се издадае А – Интегрирана еколошка доизвола за Југохром Алзар ДООЕЛ ( претходно Југохром Фероалојс ДООЕЛ Јегуновце.

Со почит,

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изготвиле: Назим Алити
Беса Татеши
Светлана Глигорова

Прилог: Ви се доставува издадено Решение за одбивање да се издадае А – Интегрирана еколошка доизвола за Југохром Алзар ДООЕЛ ( претходно Југохром Фероалојс ДООЕЛ Јегуновце.

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-2730/1 од 22. 05. 2017 год.

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), а согласно член 106 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), постапувајќи по законската регулатива за правниот субјект Југохром Алзар ДООЕЛ (претходно Југохром Фероалојс ДООЕЛ Јегуновце), Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

**За одбивање да се издаде А – Интегрирана еколошка дозвола за Југохром Алзар ДООЕЛ (претходно Југохром Фероалојс ДООЕЛ Јегуновце)**

1. Се донесува решение за одбивање да се издаде А – Интегрирана еколошка дозвола за Југохром Алзар ДООЕЛ (претходно Југохром Фероалојс ДООЕЛ Јегуновце).

2. Доколку се планира повторно започнување со производниот процес, операторот се задолжува да достави ново Барање за добивање на А – Интегрираната еколошка дозвола.

МКД
СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009

## Образложение

Југохром Алзар ДООЕЛ (во наведениот датум Силмак Јегуновце, Тетово) на 30.06.2006 до Министерството за животна средина и просторно планирање достави Барање за добивање на А-Дозвола за усогласување со оперативен план попратено со предлог оперативен план (арх.бр. 11-3272/1 од 30.06.2006) согласно член 5 став 36 и член 134 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), како и согласно член 5 став 1 точка 1 од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план (Службен весник на РМ 89/2005). Предлог оперативниот план, како дел од Барањето за Дозвола за усогласување со оперативен план, ги содржи сите активности кои што треба да се превземаат од страна на Операторот со цел да се усогласи работењето на инсталацијата со одредбите од законот и подзаконските акти кои што произлегуваат од него, односно за исполнување на условите за добивање на А-Интегрирана еколошка дозвола.

По спроведување на целосната постапка за ИСКЗ согласно Законот за животна средина и подзаконските акти, Министерството за животна средина и просторно планирање на 04.07.2008 издаде А-Дозвола за усогласување со оперативен план за Југохром Алзар ДООЕЛ (во наведениот датум Силмак Јегуновце, со арх. бр. 11-3643/10 од 04.07. 2008), со дефиниран оперативен план, односно активности кои што треба да се превземат од страна на Операторот со цел да се усогласи со регулативата. Во член 138 од Законот за животна средина дефинирани се роковите и начинот за реализација на активностите од оперативниот план, каде што во став 1 од истиот член даден е последниот рок за реализација на активностите од оперативниот план кој што е утврден заклучно до 1 Април 2014, по што Опеараторот стекнува право за добивање на А-Интегрирана еколошка дозвола. Понатаму, согласно член 139 став 1 и став 4 од Законот за животна средина, Владата на Република Македонија, на 31.10.2014 на барањето за репрограмирање на роковите од оперативениот план за Југохром Алзар ДООЕЛ (Југохром Фероалојс ДООЕЛ Јегуновце), со одлука утврди дополнителен период од 24 месеци, односно до 31.10.2016 година, за реализација на активностите од оперативниот план,

односно исполнување на условите за добивање на А-Интегрирана еколошка дозвола.

Државниот инспекторат за животна средина, постапувајќи по службена должност, на 01.11.2016, 30.01.2017 и 28.04.2017 изврши инспекциски надзор во ЈУГОХРОМ АЛЗАР ДООЕЛ Јегуновце, при што беше констатирано дека не се исполнети обврските произлезени од Заклучокот на Владата на РМ 42-17/30 од 31.10.2014, и во таа насока донесе Решение за секој инспекциски надзор поединечно како што следи: Решение со Архивски бр. 12-IX-342/2 од 01.11.2016, Решение со Архивски бр. 12-IX-362/2 од 30.01.2017 и Решение со Архивски бр. 12-IX-362/8 од 28.04.2017 со кои што се забранува работата на субјектот ЈУГОХРОМ АЛЗАР Јегуновце поради не исполнување на условите за добивање на А-Интегрирана еколошка дозвола.

Следствено на тоа, во согласност член 106 став 1, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува Решение за одбивање да се издаде А – Интегрирана еколошка дозвола Југохром Алзар ДООЕЛ (претходно Југохром Фероалојс ДООЕЛ Јегуновце), при што Операторот се задолжува да достави ново Барање за добивање на А – Интегрираната еколошка дозвола, доколку истиот планира повторно започнување со производниот процес.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатсво за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

Министер
Bashkim Ameti

Изработиле: Назим Алити
Беса Татеши
Светлана Глигорова